# ГРУПА НЕОКОМ АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2019 година,**
**со извештај на независниот ревизор**

Russell Bedford
taking you further

Расел Бедфорд Атанасовски
Дооел, Скопје
Бул.8-ми Септември бр.2-2 спрат 6 бр.613
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Т: +389 (2) 30 90 495
+389 (2) 30 96 226
Е: rba@russellbedford.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Одборот на директори на НЕОКОМ АД Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ГРУПАТА НЕОКОМ АД Скопје и неговите подружници што ги вклучуваат консолидираниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2019 година, консолидираниот биланс на успех, консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, консолидираниот извештај за промени во главнината, консолидираниот извештај за парични текови за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на НЕОКОМ АД Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Северна Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основи за мислење со резерва*

Како што е наведено во консолидираниот извештај за финансиска состојба, Групата има прикажано Гудвил во износ од 38.756 илјади денари. Друштвото не извршило мерење на објективната вредност на овие Гудвилот, што не е во согласност со барањата на Меѓународниот Сметководствен Стандард 39 – Финансиски инструменти: признавање и мерење, што е прифатен и објавен во Р.Македонија. Доколку се направи проценка на објективната вредност на Гудвилот, според нивната пазарна цена на датумот на извештајот на финансиска состојба, можеби би требало да се намали вредноста на истото и да се признаат расходи по основ на намалување на вредноста на Гудвилот и како последица на тоа ние не бевме во можност да се стекнеме со разумно уверување во однос на објективната вредност на истото, согласно барањата на Меѓународните Стандардите за Финансиско Известување.

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за наведеното во основи за мислење со резерва, консолидираните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ГРУПАТА НЕОКОМ АД Скопје и неговите подружници заклучно со 31 декември 2019 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината што заврши тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Групата, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината што заврши на 31 декември 2019 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи.

Russell Bedford
*taking you further*

**Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на ГРУПАТА НЕОКОМ АД Скопје за годината што заврши на 31 декември 2019 година.**

**Скопје, 6 април 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Борислав Атанасовски** | **Расел Бедфорд Атанасовски Дооел Скопје** |
| | **Управител** |
| | **Борислав Атанасовски** |

Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДООЕЛ Скопје

**ГРУПА НЕОКОМ АД Скопје**

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2019 година**

| во илјади денари | Белешки | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 7 | 717.389 | 738.524 |
| Останати оперативни приходи | 8 | 25.598 | 24.918 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | 742.987 | 763.442 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 9 | -174.807 | -205.665 |
| Плати и надоместоци на вработените | 10 | -113.628 | -113.506 |
| Амортизација | 14 | -70.054 | -69.411 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | -33.615 | -52.754 |
| Останати оперативни расходи | 11 | -324.912 | -299.380 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | -717.016 | -740.716 |
| **Добивка од оперативно работење** | | 25.971 | 22.726 |
| Финансиски приходи | 12 | 4.022 | 3.767 |
| Финансиски расходи | 12 | -17.377 | -17.284 |
| **Добивка пред оданочување** | | 12.616 | 9.209 |
| Данок на добивка | | -2.240 | -2.991 |
| **Добивка по оданочување** | | 10.376 | 6.218 |
| Добивка по оданочување што припаѓа на: | | | |
| Сопствениците (имателите на акции) на матичното друштво | | 10.044 | 6.570 |
| Неконтролирачко учество | | 333 | -352 |
| | | 10.377 | 6.218 |
| **Основна заработувачка по акција (во денари)** | 13 | 703 | 460 |

Одборот на директори на НЕОКОМ АД Скопје ги усвои овие консолидирани финансиски извештаи на 31 март 2020 година и ги одобри за доставување до Централниот Регистер на РМ

**Генерален директор**

**Владислав Попов**

Друштво за информатички инжењеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз СКОПЈЕ

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

**ГРУПА НЕОКОМ АД Скопје**

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за годината завршена на 31 декември 2019 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2019** | **2018** |
|---|---|---|---|
| **Добивка по оданочување** | | **10.377** | **6.218** |
| **Друга сеопфатна добивка** | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризација на недвижности, постројки и опрема | | - | - |
| **Вкупно друга сеопфатна добивка** | | - | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **10.377** | **6.218** |
| Вкупна сеопфатна добивка (загуба) што припаѓа на: | | | |
| Сопствениците (имателите на акции) на матичното друштво | | 10.044 | 6.570 |
| Неконтролирачко учество | | 333 | -352 |
| | | 10.377 | 6.218 |

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ГРУПА НЕОКОМ АД Скопје

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2019 година**

| во илјади денари | Белешки | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности постројки и опрема | 14 | 997.102 | 1.000.494 |
| Нематеријални средства | 14 | 40.776 | 36.230 |
| Гудвил | | 38.756 | 38.756 |
| Вложувања расположливи за продажба | 15 | 152 | 372 |
| Долгорочни кредити | | 4.076 | 4.266 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **1.080.862** | **1.080.118** |
| Залихи | 16 | 94.055 | 93.517 |
| Побарувања од купувачи | 17 | 149.132 | 144.648 |
| Останати краткорочни побарувања | 18 | 1.360 | 3.319 |
| Побарувања за аванси | 19 | 7.017 | 9.339 |
| Краткорочни финансиски средства | 20 | 1.600 | 1.850 |
| АВР | 21 | 4.972 | 2.183 |
| Парични средства | 22 | 15.167 | 37.051 |
| **Вкупно тековни средства** | | **273.303** | **291.907** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **1.354.165** | **1.372.025** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 44.280 | 44.280 |
| Законски резерви | | 67.266 | 67.266 |
| Ревалоризациони резерви | | 3.331 | 3.331 |
| Нераспределена добивка | | 573.148 | 581.837 |
| Останат капитал | | 138.952 | 138.675 |
| **Вкупно капитал и резерви што припаѓаат на сопствениците на матичното друштво** | | **826.977** | **835.389** |
| Неконтролирачко учество | | 12.700 | 12.588 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **839.677** | **847.977** |
| **Долгорочни кредити** | 23 | **144.593** | **129.610** |
| Обврски спрема добавувачи | 24 | 154.574 | 182.325 |
| Останати краткорочни обврски | 25 | 10.546 | 9.631 |
| Обврски за примени аванси | 26 | 700 | 1.827 |
| Краткорочни финансиски обврски | 27 | 191.084 | 197.551 |
| Пасивни временски разграничувања | 28 | 12.991 | 3.104 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **369.895** | **394.438** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **1.354.165** | **1.372.025** |

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ГРУПА НЕОКОМ АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
**за годината завршена на 31 декември 2019 година**

**2019 година**

| во илјади денари | Акцион. капитал | Законски резерви | Ревалор. резерви | Нераспред. добивка | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2019** | **44.280** | **67.266** | **3.331** | **581.837** | **138.675** | **835.389** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| **Добивка по оданочување** | | | | | | |
| **од тековната година** | - | - | - | 10.044 | - | 10.044 |
| **Друга сеопфатна добивка** | - | - | - | | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | - | 10.044 | - | 10.044 |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | |
| **Резерви за инвестиции** | | | | -277 | 277 | |
| **Распределено за дивиденди** | | | | | | |
| **и награди** | - | - | - | -18.200 | - | -18.200 |
| **Останато** | | | | -256 | | -256 |
| **Состојба 31.12.2019** | **44.280** | **67.266** | **3.331** | **573.148** | **138.952** | **826.977** |

**2018 година**

| во илјади денари | Акцион. капитал | Законски резерви | Ревалор. резерви | Нераспред. добивка | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018** | **44.280** | **67.266** | **3.331** | **603.188** | **125.928** | **843.993** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| **Добивка по оданочување** | | | | | | |
| **од тековната година** | - | - | - | 6.570 | - | 6.570 |
| **Друга сеопфатна добивка** | - | - | - | | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | - | 6.570 | - | 6.570 |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | |
| **Резерви за инвестиции** | | | | -12.747 | 12.747 | |
| **Распределено за дивиденди** | | | | | | |
| **и награди** | - | - | - | -15.361 | - | -15.361 |
| **Останато** | | | | 187 | | 187 |
| **Состојба 31.12.2018** | **44.280** | **67.266** | **3.331** | **581.837** | **138.675** | **835.389** |

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ГРУПА НЕОКОМ АД Скопје

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
## за годината завршена на 31 декември 2019 година

| во илјади денари | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| **А. Парични текови од деловни активности** | | |
| Нето добивка | 10.044 | 6.570 |
| Амортизација | 67.808 | 69.411 |
| Ефект на почетната состојба на тековните средства и тековните обврски од ново вклучената подружница | | |
| Залихи | -538 | 6.944 |
| Побарувања од купувачи | -4.484 | 6.415 |
| Останати краткорочни побарувања | 1.959 | 2.636 |
| Побарувања за аванси | 2.322 | -160 |
| Активни временски разграничувања | -2.789 | 5.404 |
| Обврски спрема добавувачи | -27.751 | 19.899 |
| Останати краткорочни обврски | 1.367 | 1.344 |
| Обврски за аванси | -1.127 | -513 |
| Пасивни временски разграничувања | 9.875 | -5.633 |
| **Нето парични текови од деловни активности** | **56.686** | **112.317** |
| **Б. Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавки на основни средства | -66.541 | -132.213 |
| Набавки на нематеријални средства | -3.805 | -4.860 |
| Расход | 1.521 | 1.791 |
| Краткорочни финансиски средства | 250 | -850 |
| Гудвил | | -995 |
| Прилив од краткорочни вложувања | 220 | |
| Одлив од побарувања по долгорочни кредити | 192 | -125 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **-68.163** | **-137.252** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Одлив од долгорочни кредити | -29.388 | 30.238 |
| Одлив / прилив од краткорочни кредити | 37.462 | 17.548 |
| Малцинско учество | 114 | 373 |
| Консолидациони усогласувања | -395 | 187 |
| Исплатени дивиденди и награди | -18.200 | -15.361 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-10.407** | **32.985** |
| **НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **-21.884** | **8.050** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **37.051** | **29.001** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **15.167** | **37.051** |

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**